Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6216/2
28.12. 2007 год.
Струмица

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев

Врз основа на член 20 став 1 точка 13 од Статутот на општина Струмица ( “ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**

**за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година**

Согласно Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување на општина Струмица, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со Програма се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2008 година, односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси (“Сл.весник на РМ” број 92/07), според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса.

Наплатата на таксата за користење и одржување Јавно осветлување од имателите на броило ја врши ЕВН Македонија Подружница - Струмица и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Струмица.

Мрежата за јавно осветлување се напојува од 125 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:

- замена на прегорени и скршени сијалици;
- замена на оштетени светлосни арматури;
- замена на заштитни стакла;
- замена на сите останати елементи на сијаличното место (пригушници, фасонски и др.)

Во текот на 2008 година се предвидува да се постават нови арматури и тоа во градот Струмица на следните улици:

1. .“Тошо Арсов” …. ………...….. 2 арматури
2. ”Егејска” ……………. …. 1 арматура
3. ”Кожув”…………… ……..……. 1 арматура
4. ”Александар Македонски”.. 1 арматура
5. “Браќа Миладинови”……….. 6 арматури
6. “Благој Мучето”……….. … . 3 арматури
7. “М.Х.Јасмин”………………..... 4 арматури
8. “Младинска”спроти болница 2 арматури

9.Џеб кај “Летница”…………..… 10 канделабри
10.”Васил Сурчев” ……………… 6 арматури
11.”24 Октомври”…..…………….……………………8 араматури
12.”Кр.Република ” ……………………………….. 8 арматури
13.”Панче Пешев”…………………...……..……. 3 арматури
14.”Широк Дол”……………………..……..……...…2 арматури

15.”Софилари ”…………………..………………… 8 арматури
19.”Тивереија” ………………………. ……………1 арматура
17.”Методи Митевски ”………… ..………...……..…1 арматура
18.”Вардарска”……………………………….……..2 арматури
19.”Беласица ”…………………….. ………………..…2 арматури
20.”Моша Пијаде ”………………..……………...….. 2 арматури
21.“Сава Ковачевиќ”…………………….……..….. 1 арматура
22.“Наум Наумовски Борче”………… ..……..…...…1 арматура
23.“Јанко Цветинов”……………………………..2 арматури
24.“Бетовенова ”……………… ………………..…3 арматури

**Во населените места:**

1. Баница ……………….. 10 арматури
2. Вељуса………….…..…4 арматури
3. Сачево …………………5 арматури
4. Муртино ……….……..… 4 арматури
5. Водоча …………………6 арматури
6. Попчево ………………. 6 арматури
7. Костурино …………….. 6 арматури
8. Раборци ……………… 2 арматури
9. Куклиш ………………..10 арматури
10. Гр. Балдовци………. 6 арматури
11. Банско …………….. 10 арматури
12. Габрово ……………….. 4 арматури
13. Добрејци ……………… 7 арматури
14. Просениково ………… 5 арматури
15. Дабиле ………………… 5 арматури

Во Програмата за јавно осветлување за 2008 година да се предвидат средства и тоа:

**Јавно осветлување**

За тековната потрошувачка на
електрична енергија … …………9.100.000,оо денари;

За одржување на инстала-
циите ……..…………..……………. .2.900.000,оо денари

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отстранувањена утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во текот на 2008 година се планира да се продолжи со системот на заштеда на електрична енергија преку вградување на нови светилки од типот на урбани светилки. ќе продолжи фарбањето на металните електрични

столбови лоцирани на бул. “Гоце Делчев” и на улиците “Балканска”, “Моша Пијаде”, “11 Октомври” и “Маршал Тито”.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни 125 трафостаници.

Извршител на сите овие активности ќе биде ЕВН Македонија – подружница Струмица, со претставник од Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР.

Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручна организација која ќе ја утврди Комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР Струмица.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07- 6216/1
27.12.2007 год.
Струмица

Совет на општина Струмица
Претседател,
Зоран Ристов